ЈУНИ 2024

# Е-БИЛТЕН БРОЈ 41



ЦеПроСАРД

Почитувани колеги, соработници и читатели,

во последните месеци, тимот на ЗГ ЦеПроСАРД се фокусираше на имплементација на тековни проекти и создавање нови за поддршка на Зелената транзиција. Оваа трансформација е од суштинско значење за справување со климатските промени, зачувување на природните ресурси и обезбедување долгорочна економска и еколошка стабилност.

Клучни области на нашата работа беа:

- **Енергетска транзиција:** Проектите како „Зелена топлина“ и „Зелена енергија“ имаат за цел да ги префрлат општинските капацитети од фосилни горива на обновливи извори на енергија (сончева, геотермална, биомаса).
- **Зелени згради и инфраструктура:** Проектот „Енергетско ефикасно градење и реновирање на Западен Балкан“ преку формирањето на Зелени Совети, промовира енергетски ефикасни градежни и инфраструктурни проекти користејќи одржливи материјали и зелени технологии.

Нови проектни апликации на кои тимот на ЗГ ЦеПроСАРД работеше, притоа вклучувајќи ги аспектите на Зелената транзиција е во областа на:

- **Земјоделство и користење на земјиштето:** Фокус на одржливи земјоделски практики, заштита на екосистемите и промовирање на биолошката разновидност и
- **Социјална еднаквост:** Нашата цел е да се намали енергетската сиромаштија, да се поддржат ранливите заедници, да се отворат зелени работни места и да се обезбеди фер пристап до придобивките од зелената економија.

Зелената транзиција бара соработка меѓу владите, бизнисите, граѓанското општество и поединците за да се создаде одржлива иднина за сите.

Бидете со нас и следете ги нашите скромни чекори и напори за справување со климатските промени, зачувување на природните ресурси и обезбедување долгорочна економска и еколошка стабилност преку линковите на социјалните мрежи.

Ве покануваме да го прочитате најновиот број на нашиот Е-билтен и да ни се придружите во креирањето на идни нови, интересни и корисни активности за одржлив развој.

Телефон
+389 2 3061 391

Мејл
info@ceprosard.org.mk

Адреса
Ул "1550" Бр 8а

## Проект Зелена Топлина

## воведување ефикасна услуга за греење ориентирана кон потрошувачите (преку мала дистрибутивна мрежа) која е базирана на обновливи извори на енергија

Во изминатото тромесечие, во рамки на проектот Зелена топлина, проектниот тим од ЦеПроСАРД и општината Радовиш беа во најголем дел ангажирани во започнувањето на клучната активнсост на овој проект, односно активностите за воспоставување на ***нов високо енергетски ефикасен систем за греење во петте избрани јавни објекти лоцирани во централното градско подрачје на Радовиш***. Меѓународниот тендер по принципот „клуч на рака“ за набавка и инсталација на топлински пумпи во една општинска градинка, основно училиште, средно училиште, админнистративната зграда на локалната самоуправа и спортската сала, согласно процедурите, беше објавен на онлајн верзијата на „Додатокот на Службениот весник“ на ЕУ, посветен на европските јавни набавки.согласно процедурите за набавка на ЕУ и беше отворен во периодот од 5 април до 7 јуни 2024 година.

Во рамки на процедурата на 13.05.2024 година, за заинтересирираните потенцијални понудувачи, беше организирна задолжителна посета на локациите во Радовиш. На јавното отварање на пристигнати понуди за обезбедување работи за поставување на високоефикасен алтернативен систем за централно греење (топлински пумпи) во основното училиште„Крсте Петков Мисирков“, средното општинско училиште „Коста Сусинов“, клонот „Цветови“ на детската општинска градинка „Ацо“ Караманов“, општинската зграда и спортската сала „25 Мај“ кое се одржа на 14 јуни 2024 година во општината, присутвуваа и овластените лица на понудувачите.

Изминатиот период, проектниот тим исто така интензивно се подготвуваше и за активностите за ***развој на нов бизнис модел на новооснованата наменска компанија за управување со енергија*** „ЕЛРАД Енерџи-Радовиш“ која ќе биде одговорна за следење на користењето на енергијата, изработка на Програма за енергетка ефикасност на општината за периодот 2024 - 2026 година, како и на промоција на усвоениот новативен модел за греење преку активно ангажирање и мобилизирање на локалните заедници, засегнатите страни и жителите.

Повеќе информации за проектот се достапни на следниот линк: https://www.ceprosard.org.mk/MK/oi_p8.aspx

Времетраење на проектот е 40 месеци, а имплементацијата започна на 15 јануари 2022 година. Проектот е ко-финансиран од Европската Унија.







Телефон
+389 2 3061 391
Мејл
info@ceprosard.org.mk
Адреса
Ул "1550" Бр 8а

## Проект Зелена Енергија

# Поттикнување на социјалното претприемништво преку формирање пилот енергетски задруги во прекуграничниот регион

Во периодот од април до јуни годинава, проектиот тим активно работеше повеќе активности кои беа фокусирани кон финализирање на стратешка документација за потребите на партнер општините - Општина Бутел и општина Медвеѓа.

Во соработка со ангажираните консултанти и релевантните сектори во општина Медвеѓа, се финализираше изработката на ***Општински план за инвестиции во обновливи извори на енергија и мерки за подобрување на енергетската ефикасност***. Во целиот период, во соработка со експертите од Зелена Енергетска Задруга (ЗЕЗ) од Хрватска, работевме кон креирање и спроведување на таргетиран прашалник - ***Влијанието на енергетските задруги врз развојот на пазарот на трудот и растот на обновливите извори на енергиј***а. Прашалникот претставува можност да се истражи состојбата и идеите во Северна Македонија и Србија и да се истражи мислењето на заедницата, придонесувајќи за развојот на енергетскиот сектор на поинклузивен и партиципативен начин кој нуди дополнителни можности на индивидуално и локално ниво.

Во меѓувреме, на терен се работи и на спроведување на енергетски контроли на 6 таргетирани објекти во двете држави. Со овие документи ќе може да се идентификуваат области за подобрување во потрошувачката на енергија, што може да доведе до заштеда на трошоци, да се согледа усогласеноста со актуечните законски регулативи, да се планираат подобрувања на објектите со цел да се направат еколошки придовивки кои ќе придонесат кон намалување на емисиите на CO2.

Со цел креирање на енергетски задруги во двете држави, проектниот тим започна соработка со адвокати кои ќе ја водат целата постапка за формирање на овие здруженија. Енергетските задруги ќе овозможат вработување на 4 млади невработени лица во прекуграничниот регион.

Проектот е во времетраење од 16 месеци, со почеток на 16 јуни 2023.
Проектот е ко-финансиран од Европската Унија.




Телефон
+389 2 3061 391

Мејл
info@ceprosard.org.mk

Адреса
Ул "1550" Бр 8а

## Проект Енергетски ефикасна градба и реновирање во Западен Балкан

Во текот на изминативе месеци ЦеПроСАРД спроведувајќи ја програмата RECONOMY, подготвуваше серија информативни сесии чија цел е да се разговара за формирање ***Совети за зелена градба*** низ земјите од Западен Балкан, почнувајќи од Косово, а потоа Република С. Македонија, Албанија, Црна Гора и Босна и Херцеговина. Овие сесии означуваат значаен чекор кон одржливиот развој во нашиот регион.

Советот за зелена градба е организација која промовира одржливост во градежната индустрија. Овие Совети работат на влијание врз политиките, едукација на професионалци и имплементација на стандарди за зелена градба кои водат кон структури поодговорни еколошки и поефикасни со ресурсите.
Формирањето на овие совети е повеќе од обична определба за заштита на животната средина; тоа е клучно движење кон поздрави и поодржливи простори за живеење. Преку едукација и застапување, Советите за зелена градба помагаат да се намалат еколошките отпечатоци, да се поттикне економскиот раст и да се создадат поздрави средини за идните генерации.

Како дел од програмата RECONOMY, во соработка со ЦеПроСАРД, ги собравме клучните чинители во областите на енергетска ефикасност, градежништво и реновирање, невладини организации, јавни институции и образовни институции, и разговаравме за придобивките од приклучувањето кон овој совет и како можеме да обликуваме одржлива иднина за Западен Балкан, на неколку промотивни настани.

Настанот во Приштина, кој се одржа на 30-ти април 2024 година ги собра сите клучни засегнати страни за да разговараат за придобивките од формирањето на Советот за зелена градба и неговата одржливост на Косово. На 23-ти мај 2024 во Комората на овластени архитекти и овластени инженери се одржа првиот информативниот настан за основање на Совет за зелена градба на Република С. Македонија, како дел од мрежата на национални Совети за зелена градба во регионот на Западен Балкан. На 31-ви мај завршивме информативна и продуктивна средба со цел за формирање на Совет за зелена градба во Албанија, исто дел од мрежата на национални Совети за зелена градба во регионот на Западен Балкан. 28-ми јуни беше ден на кој во Сараево, во присуство на голем број компании и поединци одржавме промотивен настан за Советот за зелена градба во Босна и Херцеговина.






RECONOMY е регионална инклузивна и зелена програма за економски развој на Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (Sida), имплементирана од HELVETAS Swiss Intercooperation во партнерство со Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој – ЦеПроСАРД и други во Источното партнерство и земјите од Западен Балкан.

Проектот е со времетраење 41 месец, од 01.08.2023 – 31.12.2026.

## Соработка со институциите и граѓанскиот сектор

Во јуни, на покана на Фондацијата “Фридрих Еберт”, присуствувавме на четвртиот регионален Социо-еколошки форум во Скопје. Форумот имаше за цел да ги собере прогресивните носители на одлуки, претставниците на синдикатот, младинските лидери и невладините организации од Западен Балкан за да разговараат за можностите и потребите за општествено праведна транзиција, а истовремено да го поддржат одржливиот економски развој. Клучниот фокус беше ставен на ставање крај на зависноста од фосилни горива, што е особено итно во овој регион. ЗГ ЦеПроСАРД се залага за фер енергетска транзиција кон обновливи извори на енергија и ја нагласува важноста од вклучување на граѓаните во овој процес, од крајните потрошувачи до купувачите.

На Форумот учесниците ги истакнаа и можностите за членство во енергетските задруги. Настанот обезбеди вредна можност за вмрежување со ЗГ Зелена Енергетска Задруга од Хрватска. Нивниот претставник, дел од #SEF, на форумот, ја истакна клучната улога на енергетските задруги во надминување на енергетската сиромаштија, заштеда на енергија и инвестирање во нови извори на енергија.







## ЦеПроСАРД добитник на Сертификат за Одржливост согласно Глобалните Цели за Оддржлив Развој






ЦеПроСАРД е добитник на Сертификат за Одржливост согласно Глобалните Цели за Оддржлив Развој. Настанот се одржа во рамки на завршниот настан на проектот „Поттикнување одржливи практики во новата дигитална ера“ имплементиран од Центарот за климатски промени.
Континуирано применуваме одржливи практики кои директно допринесуваат за намалување на негативните влијанија врз животната средина. На денешниот Ден на планетата земја, ЦеПроСАРД учествуваше со свој претставник на завршниот настан на проектот „Поттикнување одржливи практики во новата дигитална ера“ имплементиран од Центар за климатски промени на кој се презентираше и „Патоказот за одржливи практики за граѓански организации“.

Телефон
+389 2 3061 391
Мејл
info@ceprosard.org.mk
Адреса
Ул "1550" Бр 8а